

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР
ЗА МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА
ГОДИШЕН
1997
ИЗВЕШТАЈ



МИСИЈА

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е невладина и непрофитна асоцијација што работи во областа на развојот, рехабилитацијата и основната помош во Македонија.

Цел на МЦМС е развој на човековите и материјалните ресурси во Македонија.

За остварување на целите и задачите, МЦМС ги мобилизира и организира човековите ресурси, финансиските и материјалните средства, како во земјата така и во странство.

МЦМС за активностите обезбедува средства од повеќе агенции на Светскиот совет на црквите и од владини и меѓународни организации.

ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И МЕТОДИ

Стратешки цели на МЦМС се:

- промоција на мирот
- организирање на граѓанското општество
- помош на оние што имаат потреба од неа

МЦМС ги спроведува активностите низ четири носечки програмски сектори/линии:

- развој на селото
- унапредување на можностите за вработување
- достоинство на хендикепираните и маргинализираните лица
- развој на граѓанското општество

МЦМС активностите ги остварува преку:

- поддршка на проектите
- обука и совети
- информирање
- застапување и лобирање

МЦМС е запишан во Регистарот на општествени организации и здруженија на граѓаните во Министерството за внатрешни работи, ГУВР Скопје, под реден број 1668, со решение број 10-90/1 од 09.09. 1994 година. МЦМС е општествена организација со социјално-хуманитарни цели. Матичен број 4878256.



Македонски Центар за Меѓународна Соработка

Извршен одбор

Г-дин Мирко Спироски, претседател

Г-ѓа Нурије Кадриу

Г-дин Зоран Костов

Г-дин Мухамед Точи

Прота Драги Костадиновски

Зејнула ефенди Фазлиу

Пречесен Михаил Цеков

Г-дин Иван Тулевски

Г-ца Наташа Габер

Г-ѓа Теута Крашница -Чучкова

Стручна служба

Сашо Клековски - ПРОГРАМ ДИРЕКТОР

Павел Роман Пападимитров - РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА РАЗВОЈ НА СЕЛО

Луција Поповска - РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

Александар Бужаровски - РАКОВОДИТЕЛ НА АДМИНИСТРАТИВНО-ФИНАНСИСКОТО ОДД.

Гонце Јаковлеска - АСИСТЕНТ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Љупчо Кочовски - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ

Димче Митрески - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ

Бесим Небиу - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ

Тетјана Лазаревска - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ

Ацо Кочовски - ПРОЕКТ АСИСТЕНТ

Александар Кржаловски - СИСТЕМ ПРОГРАМЕР

Тони Гицев - DTP ОРГАНИЗАТОР

Валентина Чичева - АДМИНИСТРАТИВЕН СЕКРЕТАР

Весна Богдановска - ХИГИЕНИЧАР

Спроведувањето на активностите на МЦМС во текот на 1996 година немаше да биде возможно без поддршката на донаторите:

Конзорциум за Македонија

ICCO, Холандија

DCA /*Данска црковна помош*/, Данска

BCEE /*Биро за Централна и Источна Европа*/, Холандија.

CAID /*Христијанска помош*/, Велика Британија

DIA /*Холандска меѓуцрковна помош*/, Холандија

ED /*Биро за Европа*/, Холандија

NCCC /*Национален совет на христијанските цркви*/, САД

CDR /*Centrale diakonale raad*/, Холандија

LF /*Либерти фондација*/, Холандија

IOO /*Институт отворено општество*/, Македонија

Владини и меѓувладини организации

DGIS / Генерален директорат за меѓународна соработка на Министерството за надворешни работи на Холандија/

Соработници

БАНКИ

ЗПП - Скопје; жиро сметка бр. 40100-678-40440

Алмако банка
Адреса: Васил Главинов бб (мезанин, блок 10), Скопје
Тел. 091/113-200
МЦМС сметка бр. 4878256

Комерцијална банка
Адреса: кеј Димитар Влахов бр. 4, Скопје
Тел. 091/112-077
МЦМС сметка бр. 5733

Ревизор Куперс и Лајбрант, Скопје
Адреса бул. Маркс и Енгелс бр. 3
Тел. 091/116-638, Тел./Факс 091/116-525

ГОДИНАТА ШТО ПОМИНА ЌЕ ОСТАНЕ ЗАПАМЕТЕНА ПО РЕКОРДНАТА НЕВРАБОТЕНОСТ ОД ОКОЛУ 35% И ЗАТЕГНУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО ЗЕМЈАТА. ТОА ЌЕ СОЗДАДЕ АМБИЕНТ ВО КОЈ СЕ ЗГОЛЕМУВААТ ПОТРЕБИТЕ ОД ПРОДУКТИТЕ И УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ИСПОРАЧУВА МЦМС. НАСПРОТИ ЗГОЛЕМЕНИТЕ ПОТРЕБИ ,ВО 1997 ГОДИНА МЦМС СЕ СООЧИ СО НАМАЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА, ПРЕДИЗВИКАНО ПРЕД СЀ ОД ПОВЛЕКУВАЊЕТО НА ХУМАНИТАРНИТЕ ДОНАТОРИ (КАКО ЕСНО И DW) ОД ЗЕМЈАТА.



Мирко Спироски
ПРЕТСЕДАТЕЛ



Сашо Клековски
ПРОГРАМ ДИРЕКТОР

Во таквите услови МЦМС успеа да го одржи портфолиото на проекти на 70% од претходната година, иако капацитетот на МЦМС да одговори на потребите се преполови во однос на 1996 година.

Во 1997 година МЦМС оствари 65 проекти со приближен буџет од 41 милион денари. Општа тенденција е фокусирање на активностите надвор од главниот град Скопје и околу 50% од проектите се регионални или локални. Проектите на МЦМС се наменети за маргинилизираните групи: селани, жени, националности, хендикепирани и нивните организации. Најголем дел од проектите се финансиска поддршка, додека обуката и информациите сочинуваат 15% од проектите.

МЦМС го комплетира својот прв среднорочен (тригодишен) план за 1995 - 1997 година.

МЦМС во изминатата година ја изведе планирачката фаза за наредниот среднорочен план 1998 - 2000 година и својата прва оценка (внатрешна и надворешна). Процесот на осознавање (оценката) на слабостите и предностите на МЦМС одзема време (и средства), но е една од најкорисните активности извршена во 1997 година. Таа помогна да се разберат одредени проблеми, причините за слабостите и како тие да се надминат, а истовремено да се зачуваат предностите.

Во 1997 година МЦМС го загуби Херт Јан ван Апелдорн (1942 - 1997). Херт Јан, како службеник на ХМП, беше катализатор на основањето на МЦМС и голема потпора во неговиот развој. МЦМС загуби искрен пријател и добар професионалец чија поддршка ќе ни недостига.

Годишниот извештај, односно Извештајот за работа и Финансискиот извештај, се преглед на достигнувањата и развојот на МЦМС.



Во текот на 1997 година МЦМС работеше во четири основни програмски сектори со шест програми:

Развој на селото

Програма за водоснабдување на селата и Програма за селски иницијативи



Поттикнување на вработувањето

Програма за поттикнување на вработувањето



Достоинство на хендикепираните и маргинализираните

Програма за достоинство на хендикепираните и маргинализираните и Програма за јакнење на Ромите



Развој на граѓанско општество

Програма за граѓанско општество



Програма за водоснабдување на селата

Генерална цел на програмскиот сектор е да се придонесе за создавањето услови за опстанок во селата на Македонија за сите што живеат во нив. За остварување на целта се развиени две програми: Програма за водоснабдување на селата и Програма за селски иницијативи.

Целите и задачите на Програмата за водоснабдување на селата се да го стимулираат функционирањето и подобрувањето на механизмите на самопомош и да се стимулираат и поддржат селските иницијативи за подобрување на водоснабдувањето со вода за пиење на луѓето и стоката, како и да се придонесе во реализацијата на таквите проекти, заедно со она што селаните, локалните и националните власти можат да го обезбедат.

Според новата територијална поделба, целна група на програмата беа општините: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Витолиште, Тополчани, Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Клечевце, Орашац, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Свети Николе, Лозово, Велес, Чашка, Извор, Богомила, Градско, Пробиштип, Злетово, Демир Хисар, Сопотница, Неготино, Демир Капија, Радовиш, Подарешш, Конче, Струмица, Василево, Босилово, Муртино, Куклиш, Ново Село, Валандово, Гази Баба, Арачиново, Илинден, Петровец, Кисела Вода, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Карпош, Кондово, Сарај, Ѓорче Петров, Чаир, Чучер-Сандево, Кочани, Облешево, Чешиново, Оризари, Зрновци, Штип, Карбинци, Кавадарци, Росоман и Конопиште.

Активности на програмата за водоснабдување се: обновување на водоснабдувањето (донации) и обука за управување во водоснабдувањето (тековна и семинарска).

Обновување на водоснабдувањето

Во 1997 година се спроведени 15 проекти за **обновување на водоснабдувањето во 16 села**. МЦМС работеше и на 3 проекти (за три села) пренесени од претходната година. Со програмата **се опфатени вкупно 8.114 корисници** (1.895 семејства).* Од вкупниот број корисници, 36% се припадници на етничките малцинства. Повеќе од една половина од поддржаните села (56,25%) имаат помалку од 300 жители, што е во согласност со структурата на селата во опфатените општини. Во текот на 1997 година беа изградени или опремени 4 пумпни станици, 1 каптажа, беа изградени 740 м^3 резервоарски простор (10 резервоари) и 26.096 м' цевовод.

Вкупната вредност на поддржаните проекти изнесува околу 34 милиони денари. Од тоа **МЦМС учествуваше со 16,8 милиони денари** (околу 50%) средства обезбедени од ICCO и Liberty foundation. Останатите средства се обезбедени од селаните, локалните претпријатија и од државата.

** Не се земени предвид корисниците од трите села каде што проектите продолжуваат од претходните години.*

Географска припадност на проектите во ПВС

Општина / Село	Активност	Вкупна вредност на работите (во МКД)	Инвестициони сред.на МЦМС (во МКД)	Учество на МЦМС (во %)
Свети Николе				
1. Црнилиште	догр. на нов водовод	3.328.398	1.872.956	56.27
2. Кадрифаково	догр. на нов водовод	2.870.759	1.170.970	40.79
3. Ерцелија*	догр. на стар водовод	1.535.158	724.198	47.17
4. Немањици	изгр. на нов водовод	3.242.015	2.099.431	64.76
Долнени (ПРЛ)				
5. Црнилиште	догр. на нов водовод	3.226.785	2.154.285	66.76
6. Маргари*	изгр. на нов водовод	1.921.948	1.204.332	65.80
Кривогаштани (ПРЛ)				
7. Кореница и Годивље*	изгр. на нов водовод	3.843.100	1.699.600	44.22
Велес				
8. Горно Оризари	догр. на стар водовод	1.593.162	986.162	61.90
Валандово				
9. Калково	догр. на стар водовод	1.391.875	944.683	67.87
10. Грчиште	догр. на стар водовод	790.500	512.520	64.83
Чучер Сандево (СКП)				
11. Горњани	изгр. на нов водовод	2.177.179	1.058.869	48.63
Гази Баба (СКП)				
12. Црешево	догр. на нов водовод	1.988.491	602.125	30.28
Василево (СТР)				
13. Владевци	догр. на нов водовод	1.665.674	215.674	12.95
Градско (ВЛС)				
14. Долно Чичево	догр. на стар водовод	1.169.767	434.117	37.11
Кратово				
15. Страцин	изгр. на нов водовод	1.362.667	672.127	49.30
Демир Капија (НГТ)				
16. Бесвица	догр. на стар водовод	858.055	569.355	66.35
Крива Паланка				
17. Трново	изгр. на нов водовод	1.545.634	435.914	28.20
Пробиштип				
18. Плешенци*	догр. на нов водовод	2.345.827	787.827	33.58
ВКУПНО		**36.856.994**	**18.145.145**	**49.23**

** Проектите не се завршени. Приложените суми се според Предлог проектите*

Село Горњани

Селото Горњани се наоѓа во новоформираната општина Чучер Сандево, Скопје. Лоцирано е на падините на Скопска Црна Гора, на 5 км оддалеченост од границата со СР Југославија. Во него постојано живеат 27 домаќинства (118 жители), и околу 25 повремени домаќинства (120 жители).

Селото остава впечаток на многу сиромашно село. *"Да го видите селото, ќе се разочарате"*, ни рече во една прилика Александар Батев, еден од иницијаторите за изградба на водоводот во селото, инаку повремен жител на Горњани. И покрај тоа што во селото е најзастапена младата и средната генерација, работите, барем околу решавањето на проблемот со водата, не оделе толку лесно. Иницијативите за водоснабдување во селото започнале во седумдесетите години, а обновени се во средината на деведесетите. Селаните се снабдуваа со вода за пиење од 2 чешми, кои во летните месеци од годината значително намалуваа. Освен тоа, друг проблем во набавката на вода претставуваше оддалеченоста на чешмите од куќите, што особено беше тешко во зима.



"За МЦМС", вели Александар Батев, *"дознавме од печатот. Ги направивме првите контакти и почнавме да се организираме. Сиромаштијата е голема во селото. Луѓето, колку и да сакаат да помогнат да се изгради водоводот, се економски ограничени. Затоа се договоривме, оние што имаат можности самопридонесот да го плаќаат во пари, а останатите во работна рака."*

МЦМС, заедно со селаните од Горњани, направи резервоар од 65 м^3 и водоводна мрежа низ селото со должина од 1.915 метри. Приклучокот на системот е на претходно изграденият регионален водовод, со што с. Горњани стана прво село кое се приклучи на овој водовод и доби квалитетна вода за пиење.

"Со изградбата на водоводот во селото сите добивме многу", вели Батев. *"Пред иницијативата за оваа активност, јас сакав да си направам бунар во дворот за да имам вода до куќата. Индивидуалното решава-ње на проблемот со водоснабдувањето е секогаш поскапо, а со тоа и понедостапно за луѓето кои немаат пари. Оваа инвестиција, помогната од МЦМС, беше далеку поевтина за селаните отколку самостојното решавање на проблемот."*

Моментално, секој корисник индивидуално е приклучен на системот, а одржувањето на водоводот е организирано од Месната заедница.

Според зборовите на селаните, Горњани има можности за опстанок. Откако луѓето добија вода, интересот на иселените за селото е поголем. *"Во интерес на развојот на целиот регион"*, ни рече Батев, *"му испративме писмо на градоначалникот на општината Чучер Сандево, да се заложи, по примерот на Горњани, да се уредат и другите села."*

МЦМС, заедно со селаните од Горњани, направи резервоар од 65 м^3 и водоводна мрежа низ селото со должина од 1915 метри. Приклучокот на системот е на претходно изграденият регионален водовод, со што с. Горњани стана прво село кое се приклучи на овој водовод и доби квалитетна вода за пиење.

Спроведувањето на активностите за изградба или доградба на водоводен систем речиси никогаш не се лишени од проблеми. Самиот недостаток на здрава вода за пиење е проблем, а останатите се нижат по ред.

Село Горно Оризари

Со изградбата на водоводот во село Горно Оризари, здрава вода за пиење, и во доволни количини, добија 2.400 жители на селото. Проблемите на овие луѓе од велешката околија започнаа да изгледаат нерешливо. Жените од 440 домаќинства, колку што ги има во селото, една третина од летниот ден го поминуваа на чешмата. *"За 100 литри вода чекам 4 часа, а некогаш и повеќе"*, ни рече во една прилика Кима Цуцак од Горно Оризари.

"Оваа количина трае само еден ден, за нас и за кравата, и тоа без перење. За перење одиме на река, а како сме испрани гледате. Зимата топиме снег, некогаш пак чекаме овде, сите сме болни од реума."

Водоводот во село Горно Оризари свечено беше пуштен во употреба на 8 Септември 1997 година. Ваквите слики околу селските чешми не се веќе секојдневие.



Село Ерџелија

Спроведувањето на активностите за изградба или доградба на водоводен систем скоро никогаш не се лишени од проблеми. Самиот недостаток на здрава вода за пиење е проблем, а останатите се нижат по ред. Освен техничките, многу често се присутни и проблемите со селаните, односно неизвршувањето на преземените обврски. Како по правило, онаму каде што најмногу ветуваат, селаните најмалку исполнуваат.

Селото Ерџелија, Свети Николе можеби е типичен пример за тоа. Ерџелија има 1.100 жители и иницијатива за решавање на проблемот со водоснабдување стара 10 години. За завршување на системот, според кажувањата на надлежните во селото и општината, беа потребни околу 5.000 ДЕМ. По извршената проценка од страна на МЦМС, поради неконтролата во претходните изведувања и штетите кои настанале во меѓувреме, средствата за довршување на водоводот се зголемени за четири пати.

Меѓутоа, селото со околу 1100 жители не успеа да се организира и да го изврши ископот на договорените 4.236 м цевовод (13,8 м по домаќинство). За истата работа почна да се моли Јавното комунално претпријатие кое не можеше да ги изврши своите работи наредните шест месеци и така селото, кое требаше да добие вода во почетокот на месец декември 1997 година, "благодарение" на локалната организираност, сè уште нема здрава вода за пиење.

Програма за селски иницијативи

Целна група на Програмата се селата во западниот дел на земјата, ситуирани во западниот планински масив, кој се протега во општините Гостивар, Ростуше, Врапчиште, Неготино - Полошко, Маврови Анови, Чегране, Долна Бањица, Србиново, Вруток, Дебар, Центар Жупа, Македонски Брод, Пласница, Самоков, Велес, Извор, Чашка, Богомила, Градско, Прилеп, Долнени, Тополчани, Кривогаштани и Витолиште. Активностите на програмата се спроведуваат со поддршка на малите развојни иницијативи преку обновливи фондови (заеми), градење на селски развојни организации и активности за обука на корисниците. Со Програмата за селски иницијативи во текот на 1997 година е одобрен 1 проект, а од претходните години се пренесени 11 проекти со што вкупниот број на проекти во спроведување во текот на 1997 година изнесуваше 12.

Цел на програмата за селски иницијативи е да се поддржат демократските процеси и мегуетничката комуникација, преку поддршка и развој на економските можности во етнички мешаните подрачја.

Проект "Производство на брикети"

Во рамките на Програмата за селски иницијативи, во текот на 1997 година, МЦМС одобри само еден заем. Со проектот "Производство на брикети", со заем се поддржа претпријатието "Бомита транс" од Прилеп за набавка на опрема за производство на брикети. Претпријатието е основано во 1989 година како транспортно и шпедитерско претпријатие, а од 1995 година започнува да работи со дрвопреработување. Сместено е во близина на с. Мажучиште, на регионалниот пат Прилеп - Македонски Брод. Краен производ на пилана е буков полупроизвод наменет за извоз, главно за Шведска и Италија. Главниот проблем со кој се соочуваше претпријатието беше околу 2 тони отпаден материјал дневно и неговото складирање. Со цел заштита на животната средина и отворање на нови работни места, МЦМС му одобри на "Бомита транс" средства за набавка на опрема за брикетара (ќе се користи отпадниот материјал). Вкупната вредност на проектот е 4.340.000,00 денари, од кои МЦМС одобри 2.170.000,00 денари (50%). Брикетарата има суровина за непрекината работа во една смена, а со набавка на суровина од соседните пилани и отпадниот материјал по полињата, може да се обезбеди работа за три смени. Во една смена се вработуваат 4 лица, односно со обезбедување поголем обем на работа и до 12 лица.



Обука на корисници

Во текот на 1997 година се финансирани два проекти.

Семинарот за одгледување на молзни крави во Центар Жупа го посетија повеќе од 50 слушатели. Речиси сите се согласија дека семинарот е корисна работа и дека, без разлика на тоа што тие се традиционално сточари, сепак е потребно да се усовршуваат во таа работа. Нури Таировски од Голем Папрадник можеби најдобро го објасни тоа: *"Во овој крај има доста луѓе што завршиле виша земјоделска школа. Добро е тие да одат на вакви семинари и да продолжат да се оспособуваат. Не може неук човек да ти работи овие работи."*

Семинарот за пчеларство се одржа по иницијатива на пчеларското друштво "Пчеларица Бабуна" од с. Богомила како дел од програмата на друштвото за едукација на пчеларите преку еднодневни теоретски предавања од страна на признати пчелари и експерти во оваа област, како и речиси секојдневни стручни совети на пчеларниците од понапредните пчелари од регионот.



Генерална цел на Програмата за поттикнување на вработувањето е поддршка на малите иницијативи (урбани и периурбани), што се грижат за потребите од работа на најугрозените целни групи работници, кои се целна група на Програмата: жените, хендикепираните и другите социоекономски маргинализирани групи.

Програма за поттикнување на вработувањето

Со Програмата за поттикнување на вработувањето се предвидени активностите: обновливи фондови, обука и алтернативна трговија. Последните две активности се одложени. Одобрени се 4 кредити со кои се планира да се обезбедат 20 нови работни места од кои 15 (75%) се за припадници на целните групи на програмата (7 жени, 4 хендикепирани, 4 маргинализирани). Во рамките на фондот за обука, МЦМС ја издаде публикацијата „Подобрете го вашиот бизнис", која е наменета за поддршка на големите и малите бизнис иницијативи (урбани, периурбани и рурални). Со публикацијата ќе се поддржи самообразованието на почетниците во големите и малите бизниси.

Проект "Мобилна сепарација"

Еден од одобрените заеми во рамките на Програмата за поттикнување на вработувањето, во текот на 1997 година, беше "Мобилна сепарација". Со проектот се поддржува претпријатието "Делгран" од Гостивар во набавката на опрема за производство на микрогранулати.



Сопственикот на претпријатието, Делче Мерцаноски, целиот свој живот работел во претпријатието "Микрогранулати" во Гостивар. Согледувајќи ги сопствените капацитети, а и поради незадоволството од состојбите во претпријатието "Микрогранулати", летото 1997 година, се решава самиот да започне со пробно производство, со опрема која што самиот ја конструирал и патентирал. Пробното производство се одвиваше во с. Чајле, во близина на Гостивар. За пробното производство беа ангажирани 5 работници, од кои двајца глувонеми од Гостивар. При обидот истото производство да се регистрира во Гостивар, на сопственикот на "Делгран" му е одговорено дека во с. Чајле не може да се одвива такво производство туку истото треба да се префрли во индустриската зона на Гостивар. По неколку неделно истражување, сопственикот на "Делгран" изнаоѓа плац за работа и за истиот склучува договор за користење во наредните 5 години. Со заемот на МЦМС беше затворена финансиската конструкција и производството можеше да започне.

Во "Делгран" вработување најдоа 8 лица од кои 4 инвалиди и една жена.

Програма за достоинство на хендикепирани

Целната група се хендикепираните лица во земјата. Таа ги опфаќа хендикепираните лица во социјалните установи, во специјалните училишта, во заштитните работилници и оние надвор од нив. МЦМС се фокусира на слепите, глувонемите, ментално ретардираните, физички хендикепираните лица и на децата без родителска грижа.МЦМС спроведе идентификација на сите социјални установи и специјализирани училишта. Активностите на Програмата се насочени кон: социјалните установи, образованието, вработувањето и јакнењето на невладините оранизации на хендикепираните. Во 1997 година се спроведувани 5 проекти. Поддржани се 13 специјални основни училишта (СОУ), со 28 паралелки во 11 општини и вкупно 397 ученици со лесна и умерена ментална ретардација. Поддржани се и 6 социјални установи, со вкупно 360 штитеници со различни ретардации. Во 6 социјални установи е дистрибуирана основна помош.

Генерална цел на Програмата за достоинство на хендикепираните е да им се помогне на хедикепираните лица во обезбедувањето нормална и достоинствена егзистенција, како и во нивната интеграција во општеството.

Прирачник за вработување

За поттикнување на вработувањето на хендикепираните лица во Македонија беа формирани и работеа 137 "заштитни работилници" со околу 10.000 вработени хендикепирани лица.

Со транзиционите процеси секторот изгуби дел од привилегиите. Најголемиот дел од тие работилници се под стечај. Загрозени се повеќе од 5.000 хендикепирани лица кои работеле во работилниците. Во такви услови, Здружението за унапредување на професионалната ориентација и вработување на инвалиди, "Ергос" од Скопје, започна да го подготвува Прирачникот за професионална ориентација на телесно инвалидизирани лица со пречки во психо-физичкиот развој. **Целта** на прирачникот е да придонесе за успешно професионално оспособување и адекватно вработување на лицата со комбинирани пречки во развојот. *"Ние не сакаме прирачникот да ги опишува болестите на овие лица туку правилно да ги насочи лицата"*, вели Тихомир Ристески, претседател на "Ергос".



Бидејќи изборот на занимања на овие лица е стеснет, потребна е професионална ориентација за која треба да се следи и клинички да се утврдува секој случај одделно. *"Професионалната ориентација уште од раната возраст на хендикепираните деца е многу важна. Досега се направени доста грешки . На пример, девојка која не може да ја користи едната рака е обучувана да биде фризерка. Затоа методот на изработка на прирачникот е со анализа на работните места каде успешно работат вакви лица"*, вели понатаму г-дин Ристески *"Овие лица имаат шанса да успеат, заедно со родителите". Први апелираа родителите на децата со церебрална парализа, побараа одговор на прашањето - како да им го осмислат животот на своите деца? Ова е еден голем чекор кон подобро насочување на овие лица од страна на родителите. Тие можат да станат стопански корисни преку развивањето на семејниот бизнис, да станат личности кои ќе го најдат своето место и со кои родителите ќе се гордеат, тоа е хуманата порака на прирачникот. Затоа, МЦМС направи вистински чекор со финасирањето на прирачникот и овозможи пооптимистички поглед кон иднината на хендикепираните лица со што тие ќе се тргнат од маргините на општеството."*

Програма за јакнење на Ромите

Во 1997, како и во 1996 година, Програмата ги опфати Ромите од северозападниот дел и тоа во Скопје, Куманово, Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар, и дел од источниот дел и тоа Свети Николе и Виница, каде живеат околу 75% од Ромите во земјата. Оваа година покриеноста е зголемена со покривање на повеќе општини од источниот дел на земјата: Штип, Делчево, Берово, и опфаќање на општини од јужниот дел: Кавадарци, Битола и Прилеп, во еден дел од активностите. Активностите на Програмата за јакнење на Ромите се однесуваат на институционалниот развој, образованието, вработувањето и ургентните потреби.

Генерална цел на Програмата е придонес во јакнењето на Ромите во Македонија. Особено се обрнува внимание на ромските НВО, бидејќи, долгорочно, самоорганизирањето на Ромите е клучно за нивната еманципација. Целна група на Програмата се Ромите во периферните градски населби.

Барака за ХДЗР "Месечина"

На 18 октомври 1997 година, Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите "Месечина" (ХДЗР) од Гостивар се всели во нови, сопствени простории. Со изградбата на барака, ХДЗР "Месечина" од Гостивар го реши прашањето на канцеларија за работа. Бараката во Гостивар е подарок од општината Тилбург, Холандија. Од бруто површината која изнесува 96 м^2, 20 м^2 ќе користи "Месечина" за свои канцеларии, една просторија ќе биде наменета за обука на корисниците на нејзината програма, 6 м^2 ќе користи МЦМС како своја регионална канцеларија, а останатото ќе се издава под наем, со што ќе се обезбедат средства за амортизација и за обезбедување на едно работно место.

Координација на РНВО

Уште од 1995 г. МЦМС го поттикнува формирањето на координационо тело на три ромски организации од Македонија: Ромската организација на жени "Даја" од Куманово, Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите "Месечина" од Гостивар и Хуманитарната организација "Хомос" од Скопје. Целта на координацијата е поттикнување на ромските организации на заедничка соработка и координирање на активностите за настап пред МЦМС и други донатори.

Рахмани Мемедали, претседател на ХДЗР "Месечина" смета дека формирањето на координационото тело на РНВО е многу позитивна работа. *"До формирањето на ова тело, сите РНВО пред потенцијалните донатори се појавуваа со исти проекти. Не постоеше никаква координација. Постои интерес и од другите РНВО за приклучување кон ова координационо тело. Зајакнувањето на координацијата, значи зајакнување на самите организации. Сега можеме да се договараме за сите проекти, вклучувајќи ги и оние што ги поднесуваме до другите донатори."*

Образование на Роми

Трета година по ред МЦМС го спроведува проектот "Поттикнување на образованието", со цел да се придонесе за еманципација на Ромите во Македонија, односно преку поддршка на образованието да се помогне во надминување на социоекономската маргинализација.

Во проектот од 1997 година се дистрибуирани 3.000 вредносни купони за набавка на школски материјали за ученици Роми во основно образование, во 12 градови во Македонија и тоа во Скопје, Гостивар, Тетово, Кичево, Дебар, Куманово, Свети Николе, Крива Паланка, Делчево, Берово, Виница и Штип.

МЦМС го спроведе проектот во соработка со пет ромски невладини и хуманитарни организации: "Месечина" Гостивар, "Черења" од Штип, "Рома" и "Хомос", од Скопје и "Даја" Куманово. Шестата организација, "Англунипе", е младинска ромска организација која има членови во сите опфатени градови.

Вредносните купони за набавка на школски прибор беа со вредност од 1.150,00 денари.

Здравствено образование

Проектот "Здравствено образование на Ромите", МЦМС го спроведуваше со партнерската организација, Хуманитарна асоцијација за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ. Во проектот беа вклучени и ромските НВО: ХДЗР "Месечина" од Гостивар, ХО "Хомос" од Скопје и РОЖМ "Даја" од Куманово. Проектот се спроведуваше во Скопје (Шуто Оризари), Гостивар, Кичево, Куманово, Свети Николе и Виница.

Подготовките за спроведувањето на курсевите за здравствена едукација, кои се однесуваа на жените Ромки траеја долго. Ромските партнерски организации стравуваа од неуспешност на едукацијата односно од незаинтересираност за курсевите. Претставничките на ХА ЕСЕ одржаа неколку подготвителни средби со можните учесници и курсевите започнаа.



За разлика од почетокот, текот и крајот на здравствената едукација беа доста успешни. Интересот за содржините на предавањата постојано расте. *"На курсевите"*, ни рече Билјана Герасимовска, водител на проектот од ХА ЕСЕ, *"главно, се говореше за оние проблеми за кои учесничките сакаат да слушнат. Многумина прв пат слушаат за промените во пубертетот и во менопаузата. Многу се говореше и за средствата за контрацепција. Од друга страна се разговара за обичаите и традицијата бидејќи тие понекогаш ги олеснуваат или отежнуваат обидите за самопомош."*

Околу 75% од учесничките имаат завршено неколку одделенија од основното образование, некои завршиле и основно. И покрај тоа што некои од нив работат преку целата недела, дури и за викендите, наоѓаат време да дојдат на предавањата. Меѓу нив е и Дениза од Св. Николе. Таа има само 9 години, но мајка ѝ и дозволила да ги посетува предавањата. Таа можеби нема да запомни се што ќе слушне на предавањата, за повеќето од спомнатите работи ќе побара појаснување од мајка си, но нејзино право е да слушне што зборуваат докторите.

Во Куманово, младите девојки бараа појаснувања од Фикрије. Таа е медицинска сестра и може да им објасни и на ромски јазик, ако не разбираат некои работи.

Прашањата на учесничките на курсевите најчесто се: *Дали вие можете да ни обезбедите вршење на гинеколошки прегледи? Дали можете да ни помогнете да имаме породилиште поблизу до нашиот град? Што да правиме кога не можеме да платиме здравствено осигурување?*

Одговори на сите прашања нема, но тие можат да се проследат до надлежните институции.

Предавањата поттикнаа размислување во правец на организирање групи за самопомош.

Овие жени најчесто работат во својот или во нечиј друг дом за да заработат. Немаат здравствено осигурување, а до најблиското породилиште има 30 - 40 км.

Интересот за самопомош засега малку срамежливо но, сепак, продира бидејќи е извесно дека во овој момент таа е најлесно остварлива, а со тоа и најпотребна.

На курсевите се говореше за оние проблеми за кои учесничките сакаат да слушнат. Многумина прв пат слушаат за промените во пубертетот и во менопаузата. Се говореше и за средствата за контрацепција, за обичаите и традицијата бидејќи тие понекогаш ги олеснуваат или ги отежнуваат обидите за самопомош.

Програма за граѓанско општество

Цели на Програмата за граѓанско општество се понатамошно организирање на граѓанското општество во Република Македонија; мобилизација и јакнење на постојните организации со поддршка за проширување на нивните активности по обем и по географска област и за подобрување на нивниот оперативен капацитет.

Целната група на Програмата се невладините организации од областа на човековите права и меѓуетничките односи, жените и женските права, екологијата, здравството. Активностите на Програмата се: канцеларија за поддршка на НВО, информации, обука, фонд за мали проекти. Во текот на 1997 година, 26 НВО биле корисници на директна поддршка од МЦМС: Канцеларијата за поддршка на НВО ја користеле 14 организации од Фондот за мали проекти финансиски се поддржани 12 проекти. Во обуката спроведувана од МЦМС учествувале 189 активисти од невладини организации. Информациите се дистрибуираат до невладините организации во Македонија, НВО во странство, владините институции во Македонија, медиумите и дипломатските претставништва.

Институционален развој

Со цел да се поттикне понатамошното организирање на граѓанското општество во Република Македонија МЦМС и во 1997 година продолжи со курсевите за невладини организации.

Целта на курсот за институционален развој беше да се оспособи персоналот на невладините организации во Македонија во овој домен, со што ќе се зголеми степенот на познавање на низа прашања поврзани со основите на институционалниот развој на НВО, техниките на стратешко планирање, стратешка анализа, анимација и зголемување на членството.

Со двата курса беа опфатени по 15 учесници од НВО. Првата група, беше составена од претставнички на женски невладини организации, а втората група се состоеше од претставници на хуманитарни НВО. Курсевите се одржаа во просториите на МЦМС.

Во соработка со Сојузот на организации на жени на Македонија, МЦМС организираше уште два курса за институционален развој. Целта на овие курсеви беше да се придонесе во зајакнувањето на капацитетот на активното членство и раководство на НВО во доменот на институционалниот развој.

Заради поголем опфат на претставнички од НВО од внатрешноста курсевите беа дислоцирани од главниот град на државата. Тие се одржаа во Крушево и Берово. На курсевите се обучуваа 26 претставнички на НВО.

Селекцијата на организациите учеснички ја спроведе СОЖМ. За да ви ги пренесеме впечатоците од курсот, ќе ја искористиме изјавата на г-ѓа Савка Тодоровска, претседател на СОЖМ: *"Ова не ми е прв курс од ваков вид. Сум посетувала и курсеви кои ги спроведувале странски невладини организации. Овој тим потполно може да се носи со сите странски тимови кои одржуваат семинари на оваа тема. Не сум изненадена од умешноста на овие луѓе зошто сум имала прилика да ја осознаам и порано но сум воодушевена од начинот на кој ни ги презентираа работите. На семинарот имаше учесници кои прв пат се судруваат со оваа проблематика и такви кои веќе имале искуство со неа. Тие успеаја да направат мост помеѓу овие две групи на луѓе. За мене, овој семинар можеби беше утврдување на гради-вото но и осознавање на многу нови работи."*



Младинска летна школа за дијалог

Младинската летна школа за дијалог беше директно поттикната од студентските и средношколски протести што се оддржуваа во почетокот на 1997 година во Македонија. Целната група опфати младински и студентски организации кои претставуваат различни етнички и социјални групи, како и претставници на подмладоците на политичките партии кои досега никогаш не учествувале заедно на еден собир на тема дијалог и разбирање.



За спроведување на проектот придонесоа Центарот за хумани релации од Скопје, Марк Тејлор, независен консултант на Советот на Европа, и Марија Кутатси, специјалист за младинска партиципација на европско ниво и помирување во рамките на дијалог.

Секој од предавачите имаше свој приод кон учесниците. Корнелија Буклевска, претставник на Центарот за урбана и медиумска акција (УМАМ), во оценката на првиот ден на школата изјави: *"Се покажа неоправдан стравот дека ќе загубам три дена на здодевен семинар. Има спонтаност во приодот: вешто вовлекување на сите учесници во работата. По споредeн пат дојдовме до суштината зошто сме тука".*

Петдневното дружење вака го оцени Арсим Синани (младина на ДПА): *"Мора да има толеранција за решавање на проблемите. Не треба криво да се гледаме, туку да седнеме и да разговараме. Младината е главниот промотор на промените. Вашата порака до Вашите организации нека биде порака на пријателство која ќе отвори многу врати. Уште на овој семинар направивме чекор напред. За МЦМС можам само да кажам дека ова требаше да го направи државата."*

Со цел создавање на простор за конструктивен и мировен дијалог меѓу претставници на различни младински организации и движења МЦМС организираше Младинска летна школа за дијалог.

Програма за информации и публикации

Цел на Програмата за информации и публикации е да овозможи регуларен тек на информациите за ситуацијата, условите, предизвиците, религиозните и невладините програми и за потребите на Македонија во странство во земјата за создавање поволни услови за мобилизација на ресурсите.

Целна група на програмата се: НВО, локалните, селските и други заедници, меѓународните НВО, владините институции и медиуми, Светскиот совет на црквите.

МЦМС продолжи да печати лифлети за програмите. Целта на Програмата се остварува преку издавање и дистрибуција на МЦМС Билтенот во кој се дава преглед на активностите на МЦМС помеѓу два броја. МЦМС издава и Прилог за информациите од Македонија и Балканот, кој содржи информации за окружувањето во кое се спроведуваат активностите. МЦМС Билтенот се дитрибуира на вкупно 655 адреси. Продолжија и контактите со медиумите. Во 1997 година беше издаден и Годишниот извештај за 1996 година, кој содржеше сеопфатен приказ за активностите на МЦМС во текот на целата година.

Во 1997 година, издадени се шест броја на Билтенот на МЦМС.

Членови на собранието

а) Колективни членки на МЦМС

1. Хуманитарна организација „Хомос“ (Хомос)
2. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ (Месечина)
3. Хуманитарна организација „Ел Хилал“ (Ел Хилал)
4. Хелсиншки комитет за човекови права (ХКЧП)
5. Движење на екологистите на Македонија (ДЕМ)
6. Младински совет на Македонија (МСМ)
7. Сојуз на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (ССУКМ)
8. Организација на жените на Македонија (ОЖМ)
9. Сојуз на организациите на жените во РМ (СОЖМ)
10. Сојуз на албанската жена во Македонија (САЖМ)
11. Сојуз на пензионерите на Македонија (СПМ)

б) Членови на Собранието

1. Г-дин Мирко Спироски претседател
2. Г-ѓа Нуриje Кадриу (САЖМ)
3. Г-ѓа Муќерем Руси (САЖМ)
4. Г-дин Зоран Костов (МСМ)
5. Г-ца Анета Андонова (МСМ)
6. Г-дин Точи Мухамед (Месечина)
7. Г-дин Арифи Сељам (Месечина)
8. Г-дин Рамадан Сејфулов (Хомос)
9. Г-дин Ќани Рамадан (Хомос)
10. Г-дин Абдурауф Пруси (Ел Хилал)
11. Г-дин Бехцудин Шехапи (Ел Хилал)
12. Г-дин Андон Марковски (СПМ)
13. Г-дин Вите Исјановски (СПМ)
14. Г-ца Биљана Стевановска (ДЕМ)
15. Г-дин Свето Стефановски (ДЕМ)
16. Г-ѓа Васка Калинска (СОЖМ)
17. Г-ѓа Савка Тодоровска (СОЖМ)
18. Г-ѓа Јорданка Куситасевска (ОЖМ)
19. Г-ѓа Надежда Герасимова (ОЖМ)
20. Г-дин Мето Јовановски (ХКЧП)
21. Г-ѓа Хатице Исљами (ХКЧП)
22. Г-дин Митко Кржовски (ССУКМ)
23. Г-дин Сашо Стрезоски (ССУКМ)

Извршен одбор

1. Г-дин Мирко Спироски, претседател
   доктор на медицински науки, професор на Медицинскиот факултет
2. Г-ѓа Нуриje Кадриу (САЖМ)
   наставник, претседател на огранокот на Сојузот на албанската жена на Македонија во Скопје
3. Г-дин Зоран Костов (МСМ)
   новинар и главен и одговорен уредник на весникот „Студентски збор“
4. Г-дин Мухамед Точи (Месечина)
   невработен, член во претседателството на ХДЗР „Месечина“
5. Прота Драги Костадиновски (МПЦ)
   старешина на Соборната црква „Св. Климент Охридски“-Скопје и генерален секретар на „Милосрдие“, агенција на Македонската православна црква
6. Зејнула ефенди Фазлиу (ИВЗ)
   референт во Мешихатот на Исламската верска заедница
7. Пречесен Михаил Цеков (ЕМЦ)
   свештеник на Евангелско методистичката црква во Струмица
8. г-дин Иван Тулевски
   невропсихијатар, шеф на Центарот за превентива и лекување на болестите на зависности
9. Г-ца Наташа Габер
   доктор на политички науки, истражувач во Универзитетскиот центар за меѓуетнички односи
10. Г-ѓа Теута Крашница-Чучкова
    уредник коментатор во Македонското радио, мировен активист

Мандатот на Извршниот одбор е од 1994 до 1998 год.

Персонал на МЦМС

МЦМС го задржа постоечкиот број на вработени. Душица Бошковска, проект службеник, го напушти МЦМС (април 1997 година), додека Тетјана Лазаревска се приклучи во тимот на МЦМС (ноември 1997 година).

Активностите за развој на персоналот опфаќаа активности за стручно оспособување и развој на вештини (компјутерски и странски јазик). Стручното оспособување опфати курсеви за набљудување и оценување, гендер и развој, како и индивидуално учество на повеќе курсеви и семинари.

Набљудувањето и оценувањето, како еден од најважните сегменти во управувањето со проекти на полето на развојот, беше тема на шестдневната обука на вработените во МЦМС.

Оперативните цели на тренингот беа: да се развие логичната рамка и да се одредат потребните информации за различни управувачки нивоа; формулација на адекватни индикатори; одредување на основните елементи за проток на информации и



подготвување на податоци за оценувачка мисија. Обуката ја спроведе организацијата Управување за развојни фондации (Management for development foundation - MDF), Еде, Холандија.

За вработените во МЦМС се организираше и обука за полова сензитивност. Тренерите го претставија гендер и развојниот концепт преку трикратната улога на жената (продуктивна, репродуктивна и социјална) и жената и развојот наспроти гендерот и развојот. Тренингот го спроведоа МДФ и Тренинг центарот за гендер и развој од Холандија.

Во 1997 година приближно 8.5 % од вкупното работно време е издвоено за развој на персоналот на МЦМС.

1997 година е прва година без присуство на донаторите со хумани-тарен мандат (ECHO, HMP, DW). Преодот (посебно финансискиот) е овозможен со поддршка на Конзорциу-мот за Маке-донија, а посебно на Бирото за Европа, Холандија, кој ја превзема водечката улога во Конзорциумот за Македонија.

МЦМС има воспоставено добри и солидни односи и соработка со целните групи и со организациите на целните групи: месни заедници, невладини организации и сл. Оваа соработка има позитивен развој. Одредени отстапувања постојат во соработката со ромските невладини организиции. Во 1997 година, и покрај општо позитивниот развој во соработката, неколкупати имаше сериозни судири на интереси и проблеми, пред сè во идентификацијата и спроведувањето на проектите од соодветната програма (несогласување со одлуките на МЦМС).

Во 1997 односите со Владата и јавната администрација се одвиваа поволно. Можат да се издвојат односите со Министерството за урбанизам (водоснабдување), Министерството за труд и социјална политика и Министерството за надворешни работи (НВО сектор). Меѓутоа, овие односи се повеќе резултат на личните контакти отколку на некаков одраз на утврдени приоритети на владата. МЦМС се има обратено до Владата, Министерството за труд, Министерството за развој, заради финансирање на определени програми, но досега без резултати најверојатно поради бавната процедура и различните приоритети.

Конзорциумот одржа две средби: Меѓусредба на Конзорциумот и III-та редовна средба. Меѓусредбата на Конзорциумот се одржа во април во Лондон, В. Британија, со учество на претставници од домаќинот CAID, како од Europe Desk, DCA и МЦМС.

III-та редовна средба се одржа во ноември, во Скопје, Македонија, со учество на претставници од ССЦ Оддел IV, DCA, CAID, Europe Desk (кој ги претставува ICCO и ХМП) и МЦМС и гостин од Холандската амбасада во Белград. На средбата е формирана извршна група составена од Europe Desk, DCA, CAID и МЦМС. Оваа група ќе се состанува еднаш годишно, а целиот Конзорциум ќе се свикува еднаш на три години.

МЦМС постигна и добар развој на односите со Министерството за развојна соработка на Холандија (и Кралската амбасада на Холандија во Белград). На 4 февруари 1997 година МЦМС беше посетен од Г-дин Јан Пронк, министер за развојна соработка на Холандија, во придружба на повеќечлена делегација. На министерот Пронк и делегацијата на средбата им беше претставен МЦМС и неговите активности. Тој посебно се интересираше за односот на МЦМС со верските заедници, учеството на етничките малцинства во активностите на МЦМС и односите на МЦМС со македонската влада.

По средбата, Министерот и неговата делегација во придружба на претставници од МЦМС го посетија с. Рашче каде МЦМС финансиски ја поддржа изградбата на водоводот.



Оценка

МЦМС го заокружи својот прв стратешки план за периодот 1995 - 1997 година и ги започна подготовките за вториот план за периодот 1998 - 2000 година.

Бидејќи на МЦМС му беше потребно мислење за сопственото работење и за квалитетот на општите/секторските мерки, изврши внатрешна оценка и надворешна оценка.





Сашо Клековски (МЦМС), Јан Пронк (Министер за развој на соработка на Холандија) и Ризван Сулејмани (Пратеник во Собранието на Р. Македонија), во посета на водоводот на с. Рашче

Надворешната оценка ја изврши Управување за развојни фондации, Еде, Холандија, во ноември 1997 година. Главни критериуми за оценката беа релевантност, ефективност и ефикасност. Во извештаите за внатрешната и надворешната оценка се содржани наоди, заклучоци и препораки. Нив организацијата ќе ги вгради во новиот стратешки план.



Сесија на III-та редовна средба на Конзорциумот за Македонија, Скопје, ноември 1997

Херт Јан ван Апелдорн

Херт Јан ван Апелдорн е роден на 3 април 1942 година во Холандија. Дипломира економија на слободниот Универзитет во Амстердам. Како универзитетски соработник работи во Гана, Нигерија и Мексико. Повеќе од 20 години Херт Јан ван Апелдорн се посветува на помош и развој на земји од третиот свет и Источна Европа, од Нигерија до Македонија. Тој е автор на книгата "Перспективите на сушата и гладот во Нигерија". Во 1993/94 г. Херт Јан ван Апелдорн даде клучен придонес во поддршка на помошта за Македонија од страна на Холандската меѓуцрквена помош (ХМП) и Светскиот совет на црквите (ССЦ).



Херт Јан ван Апелдорн престојуваше во Македонија во 1993/94 година, во својство на службеник за врски на Холандската меѓуцрквена помош. Во тој период, тој беше промотор на започнувањето на хуманитарната помош на ХМП и ССЦ во Македонија, а подоцна и промотор на започнувањето на развојната програма во Македонија.

